**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-71/6**

**Скопје, 09.02.2006 година**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Националната установа-Драмски тетар-Скопје - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за 2004 година, кои се прикажани на страните 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Националната установа-Драмски тетар-Скопје (во понатамошниот текст Драмски театар-Скопје) за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Лилјана Вељанова – вршител на должноста Директор од 17.01.2003 до 18.05.2004 година
   - Димитар Станковски - вршител на должноста Директор од 19.05.2004 до 28.11.2004 година и
   - Силвија Стојановска - вршител на должноста Директор од 29.11.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 21.11.2005 до 30.12.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Танка Блажевска, Помошник главен државен ревизор;
   - Лилјана Попчева, Виш ревизор;
   - Елена Грнарова, Ревизор;
   - Лиман Мухаџири- Помлад ревизор
   - Марина Величковска-Ревизор за легислатива

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 1.02.2006 година со писмо број 1104-71/5 примена е забелешка по точката 10.1.2. од Претходниот извештај на Овластениот државен ревизор.Забелешката е разгледана при што е решено истата да не се прифати бидејќи не се изнесени факти ниту е доставена дополнителна документација која го побива наодот на ревизорите.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти:**

11.1.1. Во Драмски театар-Скопје исплатата на плати на вработениот уметнички персонал-актери не се врши сразмерно на извршената работа во согласност со Законот за работни односи туку независно од тоа дали и колку биле ангажирани во текот на месецот, актерите секој месец добиваат плата за полно работно време. Ревизијата утврди дека во текот на 2004 година 3 актери не се ангажирани во ниту една претстава, а 11 актери биле ангажирани само во по една претстава од вкупно вработените 45 актери, што упатува на минимална ангажираност на 33 % од вработениот уметнички персонал. Врз основа на спроведените интервјуа со одговорните лица во театарот ревизијата утврди дека причините за неангажирањето на одделни актери се следни:

- режисерите како извршители на работата за која што склучуваат договор со Директорот на театарот наметнуваат свој избор на актери во новите Претстави /Проекти
- раководниот кадар на театарот не води сметка со изборот на претстави на тековниот репертоар да обезбеди приближно еднакво ангажирање на вработените имајќи го во предвид фактот дека на репертоарот на Драмски театар во 2004 год од вкупно поставените 17 претстави, 6 се нови проекти од 2004 год, а останатите 11 претстави се тековен репертоар.

Освен наведеното, надоместоците за храна и превоз се исплатуваат и за деновите кога работниците отсуствуваат од работа по било која основа, спротивно на Законот за извршување на буџетот за 2004 година ,а заради невоспоставен систем за евидентирање на редовноста за присуство на работа. Ваквиот начин на исплата има за последица неосновано направени поголеми расходи од утврдените со закон.

11.1.2. Непочитувањето на одредени законски прописи/интерни акти/упатства во работењето на Драмскиот театар упатуваат на субјективизам во одлучувањето од страна на Директорот и тоа:

- донесени се решенија за распоредување на уметничкиот персонал-актерите по работни места според список донесен од страна на Директорот со кој е утврдена нова категоризација без поблиска спецификација на критериумите за утврдување на групите на уметничкиот персонал, различна од утврдената во Правилникот за организација и систематизација и без соодветни измени во Правилникот

- вршени се исплати на плати за работното место инспициент по решенија за распоредување и утврдување на месечната аконтација за плата по повисоки бодови од утврдените во Правилникот

- не е избран уметнички директор што е предвидено со Статутот на тетатарот заради што надлежностите утврдени за оваа функција самостојно ги извршува Директорот.

- месечните надоместоци утврдени во договорите за дело склучени со надворешните соработници не се во согласност со известувањето од Министерството за култура број 11-241/1 од 20.01.2004 година, заради што се утврдени следните отстапувања:

    - исплати во повисок или понизок износ од одобрениот;
    - исплата на надоместоци за лица - гардеробери, за што не е добиена согласност од Министерството за култура:
    - исплата на организаторот-лице задолжено за продажба на билети и во висина на утврден процент од продадените и наплатени билети, покрај исплатата во висина на фиксно утврден месечен износ, што е одобрен од Министерството за култура .

11.1.3. Драмскиот театар во 1999 година има подигнато денарски кредит од Стопанска банка АД -Скопје во висина од 372 илјади денари и девизен кредит од Агенцијата за обнова и развој во 2000 година во висина од 28.400 УСД. спротивно на Законот за буџетите.Ваквото финансиско задолжување има за последица незаконско и ненаменско користење на средства од буџетот на РМ со отплата на кредитите, како и превземање на дополнителни обврски по камати за што се склучувани анекс договори.

11.1.4. Драмски театар–Скопје го нема усогласено Правилникот за организација и систематизација на работните места од 2002 година со Статутот на театарот бр 20-2356/14 од 27.04.2004 и Законот за култура што има за ефект различна организационата поставеност во два интерни акти на иста установа. Правилникот не содржи детален опис на работите и задачите по работни места и ги утврдува бодовите за плата по работните места, што треба да бидат предмет на регулирање со Правилникот за плата, надоместоци од плата и други примања на работниците.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на Драмскиот театар да обезбеди редовен ангажман за постојано вработените лица со полно или со скратено работно време во зависност од потребите и исплатата на платите да ја врши соодветно на потрошените работни часови согласно Законот за работни односи. Да се воведе евиденција на редовноста за присуство на работа и исплатата на надоместокот за храна и превоз да се врши само за деновите кога работниците присуствуваат на работа .
2. Решенијата за распоредување по работни места и за утврдување на висината на платата на вработените да се усогласат со Правилникот за организација и систематизација и со Правилникот за плати.
3. Исплатите по договори за дело да се вршат во висина на одобрените средства од Министерството за култура и исклучиво за лицата кои Министерството прифатило да ги финансира од средствата од буџетот на РМ .Договорите што ги склучува театарот за лицата што не се одобрени од Министерството, да се покриваат од приходите од самофинансирачки активности.
4. Директорот на театарот да донесе решение за избор на уметнички директор и решение за формирање на уметнички совет во согласност со Статутот на установата .
5. Драмскиот театар како буџетски корисник е должен своите активности да ги извршува во рамките на одобрените средства од буџетот преку Министерството за култура во согласност со Законот за буџетите и да ја напушти праксата на задолжување на тетарот преку земање на кредити.
6. Директорот на Драмскиот театар да донесе интерни акти кои ќе бидат усогласени со Статутот на театарот и Законот за култура. Правилникот за организација и систематизација да содржи детален опис на работите и работните задачи, да ја содржи методологијата за категоризација на уметничкиот персонал, а бодовите по работни места да бидат предмет на регулирање со Правилникот за плати.

11.2. **Неправилна примена на сметководствените политики и начела:**

:

11.2.1. Во Драмски театар - Скопје не се води материјална евиденција на залихите на готовите производи - костимите и сценските реквизити , не се води евиденција и за нивното отуѓување по симнувањето на претставата од репертоар, односно нема лице кое што е материјално задолжено со истите, спротивно на Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Ваквата состојба е резултат на невоспоставен систем на интерни контроли што може да има за ефект нереално евидентирање на расходите и можност од злоупотреба.

11.2.2. Ревизијата не е убедена во реалноста и објективноста на ставката Трансфери до домаќинства и физички лица која според Билансот на приходи и расходи изнесува 7.586 илјади денари. Изразувањето резерва во врска со оваа ставка е поради недонесувањето на соодветни интерни акти/политики и постапки со кои ке се утврдат и контролират буџетските расходи според објективно утврдени критериуми, а заради рационално, наменско и еконимично користење на средствата согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.
Ревизијата утврди дека спротивно на Годишниот договор за учество во финансирање на Проект/Програма од национален интерес во културата во 2004 година од областа на драмската дејност, склучен со Министерството за култура вршени се исплати за :

- надоместоци по договори со актери и реквизита за претстави кои се на тековниот репертоар на театарот и надомести на лица – гардеробери во вкупен износ од 906 илјади денари и
- дневници и авионски карти во вкупен износ од 156 илјади денари што како основ за исплата не се предвидени во.поединечно склучените авторски договори со надворешните соработници-уметници.

**Препораки и мерки:**

1. Имајќи ја предвид значајноста на евиденцијата на магацинското работење укажуваме на неопходноста менаџментот да воведе систем на интерни контроли кои ќе обезбедат ажурна и точна евиденција како и материјална одговорност на лицето кое ќе ракува со залихата на готовите производи.
2. Директорот на Драмски театар да донесе интерни акти во кои што ке бидат утврдени критериуми за висината на расходите по ставки за секој одделен проект како и за висината на надоместоците на надворешните уметници со што би се обезбедило објективно планирање и објективна распределба на средствата по овој основ.

11.3. **Неправилности во искажување на билансните позиции:**

11.3.1. Ревизијата не е убедена во реалноста и објективноста на ставката Материјални средства во Билансот на состојба затоа што спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници не е извршено усогласување на состојбата на средствата искажана во сметководството и фактичката состојба утврдена со пописот. Материјалните средства немаат инвентарни броеви и во услови на извршен физички попис без поблиска спецификација ( опис) на средствата практично е невозможно да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

**Препораки и мерки:**

1. Директорот на театарот да превземе мерки да се создадат услови за усогласување на сметководствената евиденција на средствата и фактичката состојба утврдена со попис преку обезбедување на инвентарни броеви на средствата како и проценка на вредноста на уметничките слики, склуптури и други дела кои се евидентирани при физичкиот попис, но не и во аналитичката сметководствена евиденција.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.4.1. Исплатите на средства по основ на договори за услуги надвор од пропишаните во Годишниот договор за учество во финансирање на Проект/Програма од национален интерес во културата во 2004 година наведени во точката 11.2.2 алинеја 1 и 2 упатуваат на ненаменско користење на средства во висина од 1.062 илјади денари.

11.4.2. При ревизијата на постапките и процедурите од аспект на примена на Законот за јавни набавки ревизијата утврди дека Драмскиот театар –Скопје во текот на 2004 година сите набавки во вкупен износ од 7.442 илјади денари се реализирани со склучување на договори со добавувачите на стоки и услуги, без спроведена постапка, што подразбира донесување на решение за потребата од набавка, утврдување на видот на постапката и решение за избор заради што не се водел ни регистар за јавни набавки. Исто така не е изготвен Правилник за набавки од мала вредност ниту План за набавки за 2004 год.

11.4.3. Склучен е договор за извршување на услуги за сервисирање на ПП апарати и опрема со Иго Комерц- Скопје на 30.01.1997 година на неопределено време, што е спротивно на Законот за јавни набавки. Во 2004 година добиена е фактура на 167 илјади денари за сервисирани 33 ПП апарати иако на физичкиот попис се прикажани 28 ПП апарати. Исто така според мислењето на вештото лице ПП апаратите „не се редовно одржувани, сервисирани, испитувани (тестирани), фарбани согласно со техничките нормативи, стандарди и упатството на производителот„ со што неосновано се одлеани државни средства. Во текот на 2005 година Драмскиот театар покренал постапка за раскинување на наведениот договорот пред надлежните органи.

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и неспроведувањето на соодветни постапки наведени во точките 11.4.1. и 11.4.2. предизвикува ненаменско и незаконско користење на средства, набавки по повисоки цени, необезбедување на јавност, транспарентност и фер конкуренција меѓу добавувачите.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во Драмскиот театар да преземат соодветни мерки за наменско користење на средствата во согласност со специфицираните ставки кои се покриваат во согласност со годишниот договор склучен со Министерството за култура.
2. Директорот на театарот кој истовремено е и претседател на комисијата за јавни набавки да обезбеди спроведување на постапки за избор во согласност со Законот за јавни набавки и да ги донесе актите кои што се пропишани со истиот. Истовремено препорачуваме директорот на театарот да ја напушти функцијата – претседател на Комисијата за јавни набавки, заради избегнување на судир на интереси во донесувањето на одлуките при избор на најповолен добавувач.

12. Вкупен ефект од изнесените наоди во точката 11.3. е нереално и необјективно прикажување на позицијата - Постојани средства во Билансот на состојба и во точките 11.4.1 и 11.4.2 ненеменско и незаконско користење на средства во износ од 8.504 илјади денари .

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 11.3 финансиските извештаи, ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Националната установа –Драмски театар-Скопје на ден 31 Декември.2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1. до 11.4. ние не изразуваме мислење за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

15. Прифатени и корегирани неправилности од страна субјектот во текот на ревизијата

15.1 Во текот на ревизијата од страна на субјектот се отстранети утврдените неправилности во врска со неевидентираните инвестициони вложувања во градежните објекти и примена на соодветни стапки за пресметка на амортизацијата на материјалните средства што има за ефект зголемување на активата и пасивата во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година за износ од 1.714 илјади денари Корекциите се спроведени со налог за книжење број 99 од 16.12.2005 година.

16. Не изразувајќи резерва во мислењето, ревизијата е должна да обелодени дека во годините што и претходат на годината што е предмет на ревизија, директорот на Драмски театар- Скопје склучил договори, односно донел одлуки кои не се од интерес за основна та дејност на театарот со што го оштетил државниот имот во следните случаи:

- Склучен е договор за закуп на деловен простор за вршење на угостителска дејност од 22.11.1999 склучен со претпријатието за внатрешна и надворешна трговија „Бока„ увоз-извоз доо Скопје со обврска закупецот да го надомести долгот на театарот спрема претходниот закупец во износ од 15 илјади германски марки, да го адаптира деловниот простор од 90 м2 и употребува дворното место пред театарот. Вложените средства за адаптација од страна на закупецот е договорено да се надоместат од износот на закупнината утврдена во висина на 700 германски марки месечно. Со цел да се утврди количината и цената на вложените материјали за адаптација, театарот наместо да ангажира орган компетентен за надзор над реализираните инвестициони активности, формирал интерна комисија за издавање на деловните простории под закуп во состав од: директорот на театарот, техничкиот директор и правникот, која на 10.03.2000 година записнички констатирала дека закупецот вложил 1.188 илјади денари. На 15.03.2000 година склучен е Анекс на договорот за закуп на деловен простор со кој е утврден временскиот период за надомест на закупнината во траење од 7 години иако според вложените средства временскиот период за надомест на закупнината изнесува 6 години и 3 месеци. Со вака склучениот договор, без спроведена постапка за јавна набавка, со фаворизирање на конкретен добавувач и признавање расходи надвор од договорот кои не претставуваат адаптација на просторот (набавка на фрижидер, маси, столици, електрична греалка, расходи за декорирање на просторот и слично) во вкупен износ од 587 илјади денари се пролонгира времетраењето на договорот за 2 год и 11 месеци што има за ефект неостварени приходи по основ на закупнина во износ од 784 илјади денари.
- Спротивно на Уредбата за критериумите и постапката за давање на подароци од средствата што ги користат органите на државната власт на 10.11.2004 година директорот на театарот донел Одлука за подарување на слика- акварел од Ванѓел Наумовски сопственост на Драмскиот театар на Битолскиот театар по повод прославата 60 години од постоењето на Битолскиот театар .
- Драмскиот театар со записник од 30.09.2003 година, дал согласност на инвеститорот АД Македонијатурист-Скопје и изведувачот ГД Гранит-АД Скопје за поместување на патеката што води до службениот влез на театарот за време на изведување на градежните работи за изградба на новиот хотел Карпош која требала да се врати во постоечката состојба 1 месец по завршувањето на работите. Непостапувањето на инвеститорот и изведувачот во согласност со договореното во записникот Драмскиот тетатар не го пријавил пред градежната инспекција со цел да превземе дејствија за вракање на местоположбата на патеката во првобитната состојба.

**Овластен државен ревизор**
**Танка Блажевска**

**Скопје, 08.02.2006 година**

___________________

**Национална установа- Драмски театар Скопје**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 35,778 | 38,956 |
| **Вкупно приходи** | | **35,778** | **38,956** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 23,420 | 24,430 |
| Стоки и други услуги | 3.2.2. | 2,049 | 3,367 |
| Тековни трансфери | 3.2.3. | 7,586 | 7,804 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **33,055** | **35,601** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.3.1 | 2,723 | 3,355 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2,723** | **3,355** |
| **Вкупно расходи** | | **35,778** | **38,956** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

## Национална установа- Драмски театар Скопје
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 5,884 | 8,372 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5,884** | **8,372** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1 | 750 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 18,856 | 17,761 |
| **Вкупно постојани средства** | | **19,606** | **17,761** |
| **Вкупна актива** | | **25,490** | **26,133** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 4,216 | 6,601 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 5 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 1,663 | 1,771 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **5,884** | **8,372** |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 19,606 | 17,761 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **19,606** | **17,761** |
| **Вкупна пасива** | | **25,490** | **26,133** |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **17,761** | **-** | **17,761** |
| **Зголемување по основ на:** | **2,106** | **-** | **2,106** |
| Набавки | 375 | - | **375** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | 1,731 | | **1,731** |
| **Намалување по основ на:** | **261** | **-** | **261** |
| Амортизација | 261 | | **261** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **19,606** | **-** | **19,606** |